ПРЕДЛАГАЧ: Влада на Република Северна Македонија

ПРЕТСТАВНИЦИ: Славјанка Петровска, министерка за одбрана и

Башким Хасани
заменик министер за одбрана

ПОВЕРЕНИЦИ: Владимир Анчев,
државен секретар во Министерството за одбрана

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
# ЗА КРИТИЧНА ИНФРАСТРУКТУРА

-Скопје, 2022 година-

ВОВЕД

I.ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИТЕ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Во Република Северна Македонија, критичната инфраструктура не е дефинирана, односно нејзиното, значење и потребата од заштита не е ставено во правна рамка во позитивните законски прописи, а со тоа нема определено кои се субјекти можат да се третираат како критична инфраструктура и да ја уживаат посебната правна заштита .

Потребата од нејзино законско уредување се појави со технолошкиот развој, глобалните промени во животната средина во последните неколку години и елементарните катастрофи кои укажаа на потребата за сериозно преиспитување на заштитата на критичната инфраструктура во контекст на опасноста од елементарни непогоди и други видови загрозување типични за современото живеење како што се тероризам, шпионажа и сл.

Критичната инфрастурктура е од витално знчаење за фунционирањето на една држава, а доколку дојде до нејзино оштетување, унишутување или загуба доведува до губење на испоракта на услугите кои зависат од нејзино непречено функционирање.

Поимот критична инфраструктура е клучен за правилно разбирање на заштита на критичната инфраструктура.

Критичната инфраструктура поимно би можеле да ја определиме како инфраструктура што е суштествено, животно неопходна, а нарушувањето на нејзиното нормално функционирање може да доведе до загрозување на најзначајните вредности и добра врз коишто почива државата, општеството, економијата, благосостојбата и воспоставениот начин на живот.

Од таму произлегува дека, критичната инфраструктура  се системи, мрежи и објекти кои пружаат основни услуги во едно општество, па претставуваат поддршка за успешено функционирање на стопанството, сигурност и заштита на здравјето и благосостојбата во државата. Сигурноста и заштитата на здравјтето и благосостојбата во државата зависи од сигурнота и отпорноста на критичната инфраструктура.

Критичната инфраструктура во земјите од непосредното опкуржување е ставена во правна рамка, односно е законски уредена. Во тоа предничи Република Хрватска која во 2013 година законски ја уреди националната критична инфрастурктура. Исто така и Република Србија го урди значењето и заштитата на критичната инфраструктура со посебен закон.

Со законот чие донесување се предлага се врши усогласување со Директивата на Европската унија 2008/114/ЕК, за одредување и иднентификација на европските критични инфраструктури и проценка за потреба од унапредување на нивната заштита (СЛ Л 345/75, 23.12.2008).

Бројни се причините поради кои инфраструктурата мора да биде добро обезбедена и заштитена. Некои од причините се терористички напади. Критичните информациони инфраструктури може да бидат особено ранливи на напади од страна на хакери, криминалци и терористи. Електроенергетската инфраструктура, транспортот на нафта и природен гас, се најранливи сегменти од енергетската инфраструктура и претставуваат цели на напад.

Еден од главните предизвици во полето на безбедноста во Република Северна Македонија денес е идентификација на сите безбедносни ризици и закани со кои може да се соочи државата, како и нивното влијание врз критичната национална инфраструктура.

## II.ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Целта на законот е градење ефективна стратегија на заштита на критичната инфраструктура како врвен национален приоритет.

Начелата врз кои се заснова законот во насока на заштита на критичната инфраструктура се комуникација, координација и кооперативност.

Министерството за одбрана пристапи кон изработка на Предлогот на закон за критична инфраструктура со кој за прв пат во Република Северна Македонија се става во правна рамка критичната инфраструктура. При тоа со понуденото законско решение се уредува заштитата и градењето отпорност на критичната инфраструктура, иднетификација и определувањето на критичната инфраструктура, начинот на постапување со работите поврзани со националната и

европската критична инфраструктура, националниот ситем за нејзина заштита, секторите на националната критична инфрструктура, надлежноситте и одговорноста на субјектите, секторските надлежни министрства и сопствениците оператори, координација, информирање, известување, заштита на класифицирани информации поврзани со критичната инфраструктура, надзорот врз спроедуварто на одредбите од законите други прашња поврзани со заштитата и градењето отпорност на критичнта инфраструктура.

Попрецизно во Предлогот на закон се нуди решението со кое се дефинира националната инфраструктура како инфраструктура од суштинско значење за одржување на виталните општествени функции, здравјето, безбедноста, сигурноста,  економската или социјалната благосостојба на луѓето и животната средина.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлог - законот за критична инфраструктура, предизвикува фискални импликации врз Буџетот на Министерството за одбрана.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Законот повлекува обезбедување на дополнителни материјални обврски за негово спроведување.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Врз основа на член 170 од Делеовникот на Собранието на Република Македонија, од причина што не се работи за сложен и обемен закон, предлагаме истиот да се донесе по скратена постпака.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА КРИТИЧНА ИНФРАСТРУКТУЈРА

## Дел I

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Предмет на законот

### Член 1

(1) Со овој закон се уредува заштитата и градењето отпорност на критичната инфраструктура, идентификацијата и определувањето на критичната инфраструктура, начинот на постапување со работите поврзани со националната и европската критична инфраструктура, националниот систем на заштита на критичната инфраструктура, секторите на националната критична инфраструктура, надлежностите и одговорноста на субјектите, секторските надлежни министерства и сопствениците/операторите, координацијата, информирањето, известувањето, заштитата на класифицирани информции поврзани со критичната инфраструктура, надзорот врз спроведувањето на овој закон и други прашања поврзани со заштитата и градењето на отпорност на критичната инфраструктура.

(2) Националната и европската критична инфраструктура на територијата на Република Северна Македонија уживаат подеднаква заштита.

(3) Прашања од интерес за заштитата на критичната инфраструктура дополнително може да се уредат преку билатерални и мултилатерални меѓународни договори, во согласност со Уставот и позитивните прописи на Република Северна Македонија.

### Цел на Законот

### Член 2

(1) Овој закон има за цел да воспостави стратешки пристап кон критичната инфраструктура како врвен национален приоритет.

## Принципи на заштита на критичната инфраструктура

## Член 3

(1) Заштитата на критичната инфраструктура се заснова врз начелата на комуникација, координација и кооперативност.

## Значење на изразите употребени во овој закон

## Член 4

(1) Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следното значење:

-„Критична инфраструктура на Република Северна Македонија" се физички или виртуелни средства, системи, објекти, мрежи или нивни делови со кои се остваруваат витални функции на општеството, а кои се од суштинско значење и прекинот на нивната работа или нивното уништување би имало значително влијание или сериозни последици за националната безбедност, здравјето и животот на луѓето, животната средина, безбедноста на граѓаните, економската стабилност односно функционирањето на државата;

-Под „заштита на критичната инфраструктура" се подразбира сет од мерки и активности од различна природа насочени кон одржување, унапредување и зачувување на карактерот и функционалноста на критичната инфраструктура со цел да се одвратат, ублажат и неутрализираат заканата, ризикот или ранливоста;

- „Менаџирање со критична инфраструктура" претставува обезбедување на услови за непречено функционирање и континуитет;

- „Секторски критериуми" се збир на специфични критериуми врз основа на кои се проценува ризикот за критичната инфраструктура во одреден сектор;

-„Меѓусекторски критериуми" се збир на општи критериуми врз основа на кои се проценува ризикот за критичната инфраструктура во повеќе или сите сектори;

-„Национален систем за заштита на критичната инфраструктура" претставува организиран и координиран систем во кој се вклучени сите субјекти кои се носители на одговорности поврзани со заштитата и отпорноста на критичната инфраструктура.

-„План за безбедност на операторот" значи план на сопствениците/операторите за зајакнување на отпорноста и заштитата на критичната инфраструктура или еквивалентен документ кој содржи идентификација на важни средства, проценка на ризик и селекција и приоретизирање на мерките и процедурите кои треба да бидат поставени во сите назначени критични инфраструктури;

-„Сопственици и оператори на критична инфраструктура" се оние субјекти одговорни за инвестиции во и/или секојдневно работење на одреден објект, средство, систем или негов дел, означен како критична инфраструктура;

-„Регистар на критична инфраструктура" е евиденција на критичната инфраструктура на територијата на Северна Македонија со релевантни информации за секоја инфраструктура кој го води Министерството за одбрана;

-„Отпорност" во контекст на заштитата на критичната инфраструктура претставува капацитет на критичната инфраструктура, кој во себе опфаќа способност за спречување, спротивставување, ублажување, апсорбирање, приспособување и опоравување од инцидент што го нарушува или има потенцијал да го наруши работењето на определена критична инфраструктура;

-„Ризик" е секоја околност или настан што има потенцијално негативно влијание врз отпорноста на критичната инфраструктура;

-Под „Анализа на ризик" се подразбира процес на разгледување на релевантни сценарија за закани, со цел да се процени ранливоста и потенцијалното влијание од нарушување или уништување на критичната инфраструктура;

-„Проценка на ризик“ подразбира проценка на заканите по критичната инфраструктура преку усогласена методологија за одредување на природата и степенот на ризикот заснована врз анализа на потенцијалните закани и опасности и проценка на постоечките услови на ранливост за критичната инфраструктура.

-„Класифицирана информација за критична инфраструктура“ е информација која се заштитува од неовластен пристап или употреба и која се определува со степен на класификација согласно закон, а се однесува на критичната инфраструктура со цел да се заштити од злоупотреба и да спречи потенцијална ранливост или ризик;

-„Офицер за врска за безбедност“ е физичко лице сертифицирано за заштита на критичната инфраструктура и назначено од субјектот, со цел да се олесни соработката и комуникацијата со надлежните органи за заштита и градење на отпорност на критичната инфраструктура;

-„Контакт точка“ која комуницира во име на државата со надлежните органи на Европската Унија и другите земји за размена на информации за критичните инфраструктури и спроведување на воспоставените активности во нивната заштита и обезбедување континуирано работење, е Министерството за одбрана.

**Специфични критериуми**

**Член 5**

(1) Определувањето на инфраструктурата како критична се заснова врз основа на воспоставени специфични критериуми и нивната меѓусебна зависност.
(2) Прагот на ефектите се заснова врз степенот на влијанието на нарушувањето или уништувањето на одредена инфраструктура по однос на обемот на човечки, материјални и социјални загуби.
(3) Прецизни прагови што се применуваат на вкрстените критериуми се утврдуваат во секој поединечен случај.

## Идентификација на критичната инфраструктура

## Член 6

(1) Идентификацијата на критичната инфраструктура се врши по сектори во согласност со утврдени критериуми.

(2) Критериумите за идентификација на критичната инфраструктура ги пропишува Владата на предлог на Министерството за одбрана.

## Одредување на критична инфраструктура

## Член 7

(1) Критичната инфраструктура се одредува со одлука на Владата на предлог на ресорните министерства, секоја година, најдоцна до 31 декември.

(2) Министерствата задолжени за секторите на критична инфраструктура (секторски министерства) се должни да го известуваат Министерството за одбрана за идентификуваната критична инфраструктура најмалку еднаш годишно, најдоцна до 31 октомври, како и секогаш кога има промена.

(3) Министерството за одбрана на предлог на секторските министерства до Влдата доставува предлог-одлука за одредување на критичната инфраструктура.

(4) Владата ја доставува одлуката за определена критична инфраструктура на територијата на Северна Македонија до министерството за одбрана и субјектите од системот за заштита и градење на отпорност на критичната инфраструктура.

(5) Владата на Република Северна Македонија по предлог на Министерството за одбрана, донесува Уредба за методологијата за изработка на проценка на ризик за критична инфраструктура.

## Дел II

## НАЦИОНАЛНА И ЕВРОПСКА КРИТИЧНА ИНФРАСТРУКТУРА

### Национална критична инфраструктура

### Член 8

(1) Национална критична инфраструктура е критична инфраструктура на територија на државата, која е од суштинско значење за одржување на виталните општествени функции, здравјето, безбедноста, сигурноста, економската или социјалната благосостојба на луѓето и животната средина.

### Член 9

(1) Сектори на национална критична инфраструктура по правило се се:

- Енергетика (производство, вклучувајќи и брани, рударство, пренос, складирање, транспорт на енергенсите и енергијата, дистрибуција и сл.),
- Транспорт (патен, железнички, воздушен и воден сообраќај),
- Банкарски системи и инфраструктура на финансиските пазари,
- Здравство (здравствена заштита, производство, трговија и контрола над лековите)
- Водоснабдување (системи за довод и одвод на води),
- Храна (производство и снабдување со храна, стокови резерви)
- Производство, складирање и превоз на опасни материи (хемиски, биолошки, радиолошки и нуклеарни материјали),
- Јавни служби (обезбедување на јавен ред и мир, заштита и спасување, итна медицинска помош),
- Дигитална инфраструктура, комуникациски и информациски технологии (електронски комуникации, пренос на податоци, информациски уреди и инсталации, аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и сл.).

(2) Покрај секторите наведени во став 1 од овој закон, Владата на Република Северна Македонија на предлог на Претседателот на државата, ресорни министерства и јавни институции како и заинтересирани страни, или по сопствена иницијатива може со Одлука да определи критична инфраструктура и од други сектори и да задолжи надлежна институција.

(3) Надлежен орган и координативен центар за прашања од областа на критичната инфраструктура е Министерството за одбрана.

**Европска критична инфраструктура**

**Член 10**

(1) Европска критична инфраструктура значи критична инфраструктура лоцирана во земјите-членки на Европската унија, чиешто нарушување или уништување би имало значително влијание врз најмалку две земји-членки на Унијата.
(2) Европската критична инфраструктура на подрачјето на Република Северна Македонија се штити на ист начин како и националната критична инфраструктура, освен ако со друг акт на Европската комисија е поинаку пропишано.

**Дел III**

**НАЦИОНАЛЕН СИСТЕМ НА ЗАШТИТА НА КРИТИЧНАТА ИНФРАСТРУКТУРА**

**Член 11**

(1) Националниот систем за заштита на критичната инфраструктура го сочинуваат Владата на Република Северна Македонија, Координативниот центар при Министерството за одбрана, Националниот совет за унапредување на системот на заштитата и градењето на отпорноста на критичната инфраструктура, надлежните секторски министерства, регулаторните тела од соодветните сектори, сопствениците/операторите на критичната инфраструктура, офицерите за врска за безбедност на критичната инфраструктура и органи на државна управа и други државни органи, органи на локална самоуправа, јавни претпријатија и други органи формирани од државата и правни лица кои се одговорни за инвестирање, заштита, отпорност, координација и менаџирање со обврска да овозможат редовно функционирање и известување за системот на критичната инфраструктура и безбедност на граѓаните, секторот приватно обезбедување како и комори и стручни здруженија.

## Влада на Република Северна Македонија

## Член 12

(1) Владата на Република Северна Македонија е одговорна за воспоставување на националниот систем за заштита на критична инфраструктура и неговото ефикасно функционирање.

(2) Владата по предлог на Министерството за одбрана ги донесува подзаконските акти со оваа област.

## Министерство за одбрана

## Член 13

(1) Надлежно министерство за координација на заштитата и градењето на отпорност на критичната инфраструктура е Министерството за одбрана кое предлага измени и дополнувања на регулативата и врши други работи утврдени со прописите од областа на заштита на критичните инфраструктури и во име на државата комуницира со надлежните органи на Европската унија и други земји.

(2) Координацијата на заштитата и градењето на отпорност на критичната инфраструктура ја врши координативен центар при Министерството за одбрана, како посебна организациона единица.

(3) Координативниот центар при Министерството за одбрана обезбедува професионална и административна поддршка на сите субјекти инволвирани во заштита и градењето на отпорноста на критична инфраструктура;

(4) Координативниот центар при Министерството за одбрана, во соработка со институциите од член 11 редовно ги следи состојбите поврзани со заштита и отпорност на критичната инфраструктура.

(5) Координативниот центар при Министерството за одбрана ја контролира и надгледува имплементацијата на мерките за заштита и градење на отпорност и други активности директно поврзани со заштитата на критичната инфраструктура.

(6) Координативниот центар при Министерството за одбрана учествува во подготовка на законски и подзаконски акти од областа на заштита на критична инфраструктура,

(7) Координативниот центар при Министерството за одбрана води единствен регистар за сите видови критична инфраструктура и контакт листа на сите офицери за врска за безбедност на критичната инфраструктура.

## Национален совет за унапредување на системот на заштитата и градењето на отпорноста на критичната инфраструктура

### Член 14

(1) Со цел унапредување на заштитата и градењето на отпорноста на критичната инфраструктура, подигање на свеста, подобрување во процесите на преземање на превентивни мерки, координација, организирани акции и елиминација на последиците од евентуални несреќи, незгоди или сериозни инциденти, со кои се загрозува безбедноста на критичната инфраструктура Министерот за одбрана формира Национален совет за унапредување и заштита на критичната инфраструктура и именува претседател и членови (во понатамошниот текст: Националниот совет).

(2) Националниот совет претставува стручно тело во кое членуваат претставници на министерствата задолжени за секторите на критична инфраструктура, академската заедница, вршители на дејноста приватно обезбедување, претставници на граѓанскиот сектор и други субјекти, доколку нивната дејност е од значење за безбедноста на критичната инфраструктура.

(3) Во Националниот совет, задолжително се застапени претставници на Националниот совет за безбедност, Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи, Центарот за управување со кризи, Дирекцијата за заштита и спасување,Заедницата на единиците на локалната самоуправа, Комората на Република Северна Македонија за приватно обезбедување, како и претставници на операторите на критичните инфраструктури.

(4) Националниот совет ги следи состојбите, учествува во креирање на политиките и имплементирање на стандардите и препораките во областа од меѓународните институции и акти.

(5) Мандатот на членовите на Националниот совет изнесува четири години, со право на реизбор.

(6) Со Националниот совет претседава Претседател избран од редот на членовите со мандат од две години, со право на реизбор. Од своите редови членовите избираат заменик-претседател и секретар.

(7) Националниот совет во соработка со координативниот центар на Министерството за одбрана подготвува стратегија со акциски план за јакнење на отпорноста на субјектите на критична инфраструктура, како и нацрт - подзаконски

акти од областа, ги следи промените и ги усвојува годишните извештаи пред да ги достави до ресорниот министер.

**Секторски надлежни министерства**

**Член 15**

(1) Секторските надлежни министерства, во соработка и координација со координативниот центар при Министерството за одбрана, се одговорни за идентификување на потенцијалната критична инфраструктура и назнчаување на офицери за врска за безбедност.

(2) Секторските надлежни министерства, се одговорни да одржуваат постојан контакт и координација со сите офицери за врски за безбедност во критичната инфраструктура во рамки на секторот.

(3) Секторските надлежни министерства се одговорни да обезбедат дека се поставени офицери за врска за безбедност за критична инфраструктура, дека се донесени планови за заштита и градење на отпорност на критичната инфраструктура и да достават контакт-листа на сите безбедносни офицери за врски до координативниот центар при Министерството за одбрана.

**Регулаторни тела**

**Член 16**

(1) Регулаторните тела обезбедуваат поддршка на секторските надлежни министерства во воспоставувањето соодветен систем на стандарди, регулативи и протоколи кои најдобро го штитат работењето на секторот.

(2) Регулаторните тела обезбедуваат стручна поддршка на сопствениците/операторите на критичната инфраструктура во нивното ефективно работење во секторот.

## Сопственици/оператори на критична инфраструктура

## Член 17

(1) Сопствениците/операторите на критичната инфраструктура се директно одговорни за ефикасно и ефективно управување со критичната инфраструктура и зајакнување на нејзината заштита и отпорност.

(2) Сопствениците/операторите на критична инфраструктура се должни да го изработат и ажурираат планот за безбедност или еквивалентниот документ согласно важечките прописи од областа.

(3) Сопствениците/операторите на критичната инфраструктура се должни да назначат офицер за врски за безбедност на критична инфраструктура и да му овозможат пристап до релевантните информации, клучни за зајакнување на заштитата и отпорноста на критичната инфраструктура и за назначувањето на офицер на врска за безбедност да го информираат секторското надлежно министерство.

(4) Сопствениците/операторите на критичната инфраструктура се должни да воспостават внатрешен систем за управување со кризи и кризна комуникација за сите прашања важни за работењето на критичната инфраструктура.

## Офицер за врски за безбедност на критична инфраструктура

## Член 18

(1) Операторите/сопствениците на критична инфраструктура назначуваат офицер за врски за безбедност, кој е одговорен за континуирана комуникација за безбедносни прашања помеѓу сопственикот/операторот и секторското надлежно министерство, како и кон координативниот центар при Министерството за одбрана.

(2) Офицерот за врска за врши обезбедува постојана контрола врз ризикот и заканите, известува за промените и редовно ги ажурира плановите поврзани со овој закон.

(3) Сите офицери за врска за безбедност мора да поседуваат безбедносен сертификат за пристап до соодветен степен на класифицирани информации.

(4) Сите офицери за врска за безбедност мора да посетуваат обука и да се стекнат со сертификат согласно одобрена програма реализирана согласно овој закон.

### Обука и сертификација на офицери за врски за безбедност на критична инфраструктура

### Член 19

(1) Програмата за обука ја предлага Националниот Совет, а ја одобрува Министерот за одбрана;
(2) Комисиите за спроведување на обуката и за сертификација ги формира Министерот за одбрана во соработка со секторските надлежни министерства и Комората на РСМ за приватно обезбедување;
(3) Процесот на обука и сертифицирање го организира и спроведува Комората на Република Северна Македонија за приватно обезбедување;
(4) Обуката и сертификацијата, трошоците за оспособување, надоместокот за членовите на комисиите и други прашања поврзани со процесот на обука и серфикација, ги пропишува министерот за одбрана.

## Дел IV

## ЗАШТИТА НА КРИТИЧНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

### Планови/програми за безбедност

### Член 20

(1) Владата на Република Северна Македонија, по предлог на Министерството за одбрана, донесува критериуми за изработка на планови за безбедност на критична инфраструктура на секторските надлежни министерства, операторите на критична инфраструктура, како и други планови и програми поврзани со обука, контрола на квалитет, планови за постапување при нарушување на функционирањето на критичната инфраструктура.

(2) Секторското надлежно министерство е одговорно за обезбедување дека плановите за безбедност на сопствениците/операторите се во согласност со критериумите пропишани од Владата.

(3) Секој сопственик/оператор на национална и европска критична инфраструктура на територијата на Република Северна Македонија е должен да има план за безбедност.

**Координација за заштита на критичната инфраструктура**

**Член 21**

(1) Координацијата за заштита и градење на отпорност на критичната инфраструктира се одвива помеѓу сите субјекти на системот на критичната инфраструктира, а се реализира преку координативниот центар при Министерството за одбрана.

(2) Координативниот центар при Министерството за одбрана е одговорен за информирање на засегнати држави членки на ЕУ дека потенцијална европска критична инфраструктура е идентификувана на територија на Република Северна Македонија.

(3) Координативниот центар при Министерството за одбрана е одговорен за информирање на Европската комисија за определеноста на државата да се вклучи во билатерални или мултилатерални дискусии со земјите-членки на Унијата на чија територија се наоѓа потенцијалната европска критична инфраструктура.

(4) Координативниот центар при Министерството за одбрана е одговорен за доставување до Европската комисија на листата на определена европска критична инфраструктура по сектори и земјите-членки на ЕУ засегнати со конкретната критичната инфраструктира.

(5) Министерството за одбрана е одговорно за вклучување во билатерални или мултилатерални дискусии со други лица во врска со идентификацијата, определувањето и заштитата на европската критична инфраструктура.

(6) Координативниот центар при Министерството за одбрана е одговорен за идентификација и определување на националната и европската критична инфраструктура.

(7) Координативниот центар при Министерството за одбрана е одговорен за воспоставување соодветен механизам за координација и комуникација помеѓу сите релевантни органи и сите офицери за врска за безбедност на критична инфраструктура.

(8) Во случај на нарушување на функционирањето на критична инфраструктура, операторот на критична инфраструктура е должен веднаш да го извести секторското надлежно министерство и Координативниот центар при Министерството за одбрана.

### Известување

### Член 22

(1) Секторските надлежни министерства се должни еднаш годишно до Координативниот центар при Министерството за одбрана да ги доставуваат сите промени во врска со сите видови критична инфраструктура во секторот за кој се одговорни.

(2) Координативниот центар при Министерството за одбрана е одговорен за координација на проценките на заканите еднаш годишно за целата критична инфраструктура на територијата на Република Северна Македонија.

(3) Координативниот центар при Министерството за одбрана еднаш годишно до Владата доставува извештај за состојбата со заштитата и отпорноста на целата критична инфраструктура.

(4) Координативниот центар при Министерството за одбрана е одговорен за доставување на општите податоци на сумарна основа за видовите ризици, закани и ранливости на Европската критичната инфраструктура до Европската комисија, на секои две години.

## Дел V

## ПОСТАПУВАЊЕ СО КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ ПОВРЗАНИ СО КРИТИЧНА ИНФРАСТРУКТУРА

### Член 23

(1) Податоци поврзани со критична инфраструктура може да се класифицираат согласно прописите за класифицирани информации.

(2) Класифицираните информации за  европската критична инфраструктура се разменуваат со странски држави и тела на Европската унија во согласност со прописите за класифицирани информации и ратификуваните меѓународни договори.

## Дел VI

## ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

**Член 24**

(1) Инспекциски надзор на спроведувањето на овој закон и другите прописи од областа на критичната инфраструктура се врши во субјектите надлежни за заштита и градење на отпорност на критичната инфраструктура.

(2) Инспекцискиот надзор од ставот 1 на овој член го врши Министерството за одбрана преку инспекторите за одбрана во соработка со други инспекциски служби од секторските надлежни министерства и регулаторните тела согласно закон.

(3) За инспекцискиот надзор во областа на критичната инфраструктура, ќе се применуваат соодветните одредби од Законот за одбрана и Законот за инспекцискиот надзор.

**Дел VII**

## ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

**Член 25**

(1) Глоба во износ од 2000 до 5000 евра во денарска противвредност се изрекува за прекршок на правното лице - сопственикот/операторот на критична инфраструктура, доколку:

- не подготви и не усвои план за безбедност на критичната инфраструктура на сопственикот/операторот (член 17 став 2);

- не определи офицер за врска за безбедност за критична инфраструктура (член 17 став 3), во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) Глоба во износ од 1000 до 2000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок и на одговорното лице во правното лице - сопственик/оператор на критична инфраструктура за прекршоците од ставот (1) на овој член.

(3) Глоба во износ од 500 до 1000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичкото лице за прекршоците од ставот (1) на овој член.

**Член 26**

(1) Глоба во износ од 1000 до 3000 евра во денарска противвредност се изрекува за прекршок на офицерот за безбедност, доколку не известува за промените или не ги ажурира плановите поврзани со овој закон (член 18 став 2).

## Дел VIII

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Преодни и завршни одредби

### Член 27

(1) Владата по предлог на министерот за одбрана ќе ги определи секторите на критична инфраструктура и секторските надлежни министерства во рок од шест месеци од денот на утврдувањето на критериумите за идентификација на критична инфраструктура.

(2) Координативниот центар при министертсвото за одбрана ќе се формира во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(3) Националниот совет за унапредување на заштитата на критичната инфраструктура ќе се формира во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

### Член 28

(1) Надлежните субјекти за  критична инфраструктура ќе назначат офицер за врска за безбеност на КИ во рок од една година од денот на влегување во сила на овој закон.

### Член 29

(1) Методологијата за проценка на ризици и опасности ќе се донесе во рок од пет месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) Критериумите за идентификување на критична инфраструктура ќе се утврдат во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(3) Останатите подзаконските акти предвидени со овој закон, ќе се донесат во рок од девет месеци од  денот на влегувањето во сила на овој закон.

## Член 30

(1)Воспоставување на единствен регистар – евиденција се воспоставува една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

## Член 31

(1) Секторските надлежни министерства за критична инфраструктура ќе изработат План за безбедност на критична инфраструктура во рок од девет месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) Сопствениците/операторите на КИ ќе изработат План за безбедност на критична инфраструктура во рок од девет месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

## Член 32

Стратегија за зајакнување на отпорноста на критичните ентитети ќе се донесе во рок од две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

## Член 33

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

I.ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

**Со членот 1 став 1** од Предлог–законот, се дефинира предметот кој се обработува, а тоа е заштитата и градењето отпорност на критичната инфраструктура, идентификацијата и определувањето на критичната инфраструктура, начинот на постапување со работите поврзани со националната и европската критична инфраструктура, националниот систем на заштита на критичната инфраструктура, секторите на националната критична инфраструктура, надлежностите и одговорноста на субјектите, секторските надлежни министерства и сопствениците/операторите, координацијата, информирањето, известувањето, заштитата на класифицирани информции поврзани со критичната инфраструктура, надзорот врз спроведувањето на овој закон и други прашања поврзани со заштитата и градењето на отпорност на критичната инфраструктура.

**Со членот 1 став 2** појаснето е дека националната и европската критична инфраструктура на територијата на Република Северна Македонија уживаат подеднаква заштита.

**Со членот 1 став 3** од Предлог-законот се остава можност, прашања од интерес за заштитата на критичната инфраструктура дополнително да можат да се уредат преку билатерални и мултилатерални меѓународни договори, во согласност со Уставот и позитивните прописи на Република Северна Македонија.

**Со членот 2,** се дефинира целта на Предлог-законот, а тоа е воспоставување стратешки пристап кон критичната инфраструктура како врвен национален приоритет.

**Со членот 3,** се набројуваат принципите за заштита на критичната инфраструктура, односно начелата врз основа на кои се заснова, а тоа се: комуникација, координација и кооперативност.

**Со членот 4** од Предлог-законот, се дефинира значењето на изразите кои се употребени во смисла на законот, како на пр: критична инфраструктура, заштита на критична инфраструктура, менаџирање со критична инфраструктура, секторски критериуми, меѓуресорски критериуми, национален систем за заштита на критичната инфраструктура, план за безбедност на операторот и други кои се употребени во овој Предлог-закон.

**Со членот 5 став 1, 2 и 3** се дефинираат специфичните критериуми кои се во меѓусебна зависност, додека прагот на ефектите се заснова врз степенот на на влијанието на нарушувањето или уништувањето на одредена инфраструктура по однос на обемот на човечки, материјални и социјални загуби, а прецизни прагови што се применуваат на вкрстените критериуми се утврдуваат во секој поединечен случај.

**Со членот 6 став 1 и 2,** се кажува како се врши идентификација на критичната инфраструктура. Идентификацијата на критичната инфраструктура се врши по сектори во согласност со утврдени критериуми, а критериумите за идентификација на критичната инфраструктура ги пропишува Владата по предлог на Министерството за одбрана.

**Со членот 7 став 1, 2, 3, 4 и 5** од Предлог-законот, се дефинира начинот на одредување на критична инфраструктура преку опишување на постапката за донесување на одлуката во која се определува критичната инфраструктура во Република Северна Македонија. Критичната инфраструктура се одредува со одлука на Владата на предлог на ресорните министерства, секоја година, најдоцна до 31 декември.Министерствата задолжени за секторите на критична инфраструктура (секторски министерства) се должни да го известуваат Министерството за одбрана за идентификуваната критична инфраструктура најмалку еднаш годишно, најдоцна до 31 октомври, како и секогаш кога има промена. Министерството за одбрана на предлог на секторските министерства до Владата доставува предлог-одлука за одредување на критичната инфраструктура. Владата ја доставува одлуката за определена критична инфраструктура на територијата на Северна Македонија до министерството за одбрана и субјектите од системот за заштита и градење на отпорност на критичната инфраструктура. Владата на Република Северна Македонија по предлог на Министерството за одбрана, донесува Уредба за методологијата за изработка на проценка на ризик за критична инфраструктура.

**Со членот 8**, се дефинира националната критична инфраструктура, која е од суштинско значење за одржување на виталните општествени функции, здравјето, безбедноста, сигурноста, економската или социјалната благосостојба на луѓето и животната средина

**Со членот 9 став 1,** таксативно се набројуваат секторите на национална критична инфраструктура. Тоа се:

- Енергетика (производство, вклучувајќи и брани, рударство, пренос, складирање, транспорт на енергенсите и енергијата, дистрибуција и сл.),
- Транспорт (патен, железнички, воздушен и воден сообраќај),
- Банкарски системи и инфраструктура на финансиските пазари,
- Здравство (здравствена заштита, производство, трговија и контрола над лековите)
- Водоснабдување (системи за довод и одвод на води),
- Храна (производство и снабдување со храна, стокови резерви)
- Производство, складирање и превоз на опасни материи (хемиски, биолошки, радиолошки и нуклеарни материјали),
- Јавни служби (обезбедување на јавен ред и мир, заштита и спасување, итна медицинска помош),
- Дигитална инфраструктура, комуникациски и информациски технологии (електронски комуникации, пренос на податоци, информациски уреди и инсталации, аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и сл.).

Со ставот 2 од истиот член се кажува дека, Владата на Република Северна Македонија, покрај веќе определените сектори на национална критична инфраструкура, на предлог на Претседателот на државата, ресорни министерства и јавни институции како и заинтересирани страни, или по сопствена иницијатива може со Одлука да определи критична инфраструктура и од други сектори и да задолжи надлежна институција

Со ставот 3 се определува дека надлежен орган и координативен центар за прашања од областа на критичната инфраструктура е Министерството за одбрана.

**Со членот 10 став 1 од Предлог-законот се дефинира европската критична инфрструктура како** критична инфраструктура лоцирана во земјите-членки на

Европската унија, чиешто нарушување или уништување би имало значително влијание врз најмалку две земји-членки на Унијата, а со ставот 2 се дефинира режимот на заштита дека европската критична инфрастрктура во Република Северна Македонија се штити на ист начин како и националната критична инфраструктура, освен ако со друг акт на Европската комисија е поинаку пропишано.

**Со членот 11,** се регулира националниот систем на заштита на критичната инфраструктура, однодно кој го сочинува, а тоа се Владата на Република Северна

Македонија, Координативниот центар при Министерството за одбрана, Националниот совет за унапредување на системот на заштитата и градењето на отпорноста на критичната инфраструктура, надлежните секторски министерства, регулаторните тела од соодветните сектори, сопствениците/операторите на критичната инфраструктура, офицерите за врска за безбедност на критичната инфраструктура и органи на државна управа и други државни органи, органи на локална самоуправа, јавни претпријатија и други органи формирани од државата и правни лица кои се одговорни за инвестирање, заштита, отпорност, координација и менаџирање со обврска да овозможат редовно функционирање и известување за системот на критичната инфраструктура и безбедност на граѓаните, секторот приватно обезбедување како и комори и стручни здруженија.

**Со членот 12** се уредува одоворноста на Владата за воспоставување на националниот систем за заштита на критичната инфраструктра и негово ефикасно функционирање и обврската за донесување на подзаконски акти од областа на критичната инфратруктура на предлог на Министерството за одбрана.

**Со членот 13** став 1 се дефинира дека надлежен орган во координацијата на заштита и градењето на отпорност на критичната инфраструктура е Министерството за одбрана. **Со ставот 2** се прецизира дека координацијата и заштитата на отпорност  на критичнта инфрасструктура ја врши координативен центар како посебна организациона единица. **Со ставовите 3, 4, 5, 6 и 7 се дефинираат наделжностите на** координативниот центар во процесто на одржување и заштиа на критичната инфраструктура:
Министерството за одбрана обезбедува професионална и административна поддршка на сите субјекти инволвирани во заштита и градењето на отпорноста на критична инфраструктура.
Координативниот центар при Министерството за одбрана, во соработка со институциите од член 11 редовно ги следи состојбите поврзани со заштита и отпорност на критичната инфраструктура.
Координативниот центар при Министерството за одбрана ја контролира и надгледува имплементацијата на мерките за заштита и градење на отпорност и други активности директно поврзани со заштитата на критичната инфраструктура.
Координативниот центар при Министерството за одбрана учествува во подготовка на законски и подзаконски акти од областа на заштита на критична инфраструктура.

Координативниот центар при Министерството за одбрана води единствен регистар за сите видови критична инфраструктура и контакт листа на сите офицери за врска за безбедност на критичната инфраструктура.

**Со членот 14 став 1** се дефинира националниот совет за унапредување на системот на заштитата и градењето на отпорноста на критичната инфраструктура. Истиот го формира министерот за одбрна со цел унапредување на заштитата и градењето на отпорноста на критичната инфраструктура, подигање на свеста, подобрување во процесите на преземање на превентивни мерки, координација, организирани акции и елиминација на последиците од евентуални несреќи, незгоди или сериозни инциденти, со кои се загрозува безбедноста на критичната инфраструктура. Министерот за одбрана формира Национален совет за унапредување и заштита на критичната инфраструктура и именува претседател и членови. Во ставот 2 и 3 се утврдува составот на Националниот совет, во кој како стручно тело членуваат претставници на министерствата задолжени за секторите на критична инфраструктура, академската заедница, вршители на дејноста приватно обезбедување, претставници на граѓанскиот сектор и други субјекти, доколку нивната дејност е од значење за безбедноста на критичната инфраструктура. Во Националниот совет, задолжително се застапени претставници на Националниот совет за безбедност, Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи, Центарот за управување со кризи, Дирекцијата за заштита и спасување, Заедницата на единиците на локалната самоуправа, Комората на Република Северна Македонија за приватно обезбедување, како и претставници на операторите на критичните инфраструктури. Во ставот 4 се определува функцијата на националнито совет, која е за следење на состојбите, учествување во креирање на политиките и имплементирање на стандардите и препораките во областа од меѓународните институции и акти. Во ставот 5 се определува мандатот на членовите кој е со траење од четири години со право на реизбор. Согласно ставот 6 со Националниот совет претседава Претседател избран од редот на членовите со мандат од две години, со право на реизбор. Од своите редови членовите избираат заменик-претседател и секретар. Во ставот се уврдени надлежностите на Националниот совет, кој во соработка со координативниот центар на Министерството за одбрана подготвува стратегија со акциски план за јакнење на отпорноста на субјектите на критична инфраструктура, како и нацрт - подзаконски акти од областа, ги следи промените и ги усвојува годишните извештаи пред да ги достави до ресорниот министер.

**Со членот 15 став 1, 2 и 3** се дефинира одговорноста на секторските минситерства во процесот на одржување и функционирање на критичната инфраструктура.
Секторските надлежни министерства, во соработка и координација со координативниот центар при Министерството за одбрана, се одговорни за идентификување на потенцијалната критична инфраструктура и назнчаување на офицери за врска за безбедност. Секторските надлежни министерства, се одговорни да одржуваат постојан контакт и координација со сите офицери за врски за безбедност во критичната инфраструктура во рамки на секторот. Секторските надлежни министерства се одговорни да обезбедат дека се поставени офицери за врска за безбедност за критична инфраструктура, дека се донесени планови за заштита и градење на отпорност на критичната инфраструктура и да достават контакт-листа на сите безбедносни офицери за врски до координативниот центар при Министерството за одбрана.

**Со членот 16 став 1 и 2,** се утврдува функцијата на регулаторните тела, која се состои во обезбедување поддршка на секторските надлежни министерства во воспоставувањето соодветен систем на стандарди, регулативи и протоколи кои најдобро го штитат работењето на секторот како и обезбедување стручна поддршка на сопствениците/операторите на критичната инфраструктура во нивното ефективно работење во секторот.

**Со членот 17 став 1, 2, 3, и 4** се утврдува одговорноста и должноста на сопствениците/оператори на критичната инфраструктура. С**опствениците/оператори на критична инфраструктура** се директно одговорни за ефикасно и ефективно управување со критичната инфраструктура и зајакнување на нејзината заштита и отпорност. Сопствениците/операторите на критична инфраструктура се должни да го изработат и ажурираат планот за безбедност или еквивалентниот документ согласно важечките прописи од областа. Исто така сопствениците/операторите на критичната инфраструктура се должни да назначат офицер за врски за безбедност на критична инфраструктура и да му овозможат пристап до релевантните информации, клучни за зајакнување на заштитата и отпорноста на критичната инфраструктура и за назначувањето на офицер на врска за безбедност да го информираат секторското надлежно министерство. Сопствениците/операторите на критичната инфраструктура се

должни да воспостават внатрешен систем за управување со кризи и кризна комуникација за сите прашања важни за работењето на критичната инфраструктура.

**Со членот 18** се утврдува обврската на операторите/сопственици да назначат офицер за врски за безбедност на критичната инфраструктура и неговата надележност во овозможување на непречено функционирање на критичната инфраструктура. Имено во ставот 1 е утврдено дека операторите/сопствениците на критична инфраструктура назначуваат офицер за врски за безбедност, кој е одговорен за континуирана комуникација за безбедносни прашања помеѓу сопственикот/операторот и секторското надлежно министерство, како и кон координативниот центар при Министерството за одбрана. Во ставот 2 е утврдено дека офицерот за врска за врши обезбедува постојана контрола врз ризикот и заканите, известува за промените и редовно ги ажурира плановите поврзани со овој закон. Согласно ставот 3, сите офицери за врска за безбедност мора да поседуваат безбедносен сертификат за пристап до соодветен степен на класифицирани информации. Согласно ставот 4 сите офицери за врска за безбедност мора да посетуваат обука и да се стекнат со сертификат согласно одобрена програма реализирана согласно овој закон.

**Со членот 19, се уредува обуката и сертификација** на офицери за врски за безбедност на критичната инфраструктур. Со ставот 1 утврдено е дека програмата за обука ја предлага Националниот Совет, а ја одобрува министерот за одбрана. Во ставот 2 се утврдува формирањето на комсиите за спроведување на обуката за сертификација, односно дека комисиите ги формира министерот за одбрана во соработка со секторските надлежни министерства и Комората на Република Северна Македонија за приватно обезбедување. Со ставот 3 е утврдено кој го организира и спроведува процесот на на обука и сертифицирање, односно дека тоа е Комората на Република Северна Македонија за приватно обезбедување. Во ставот 4 се прецизира дека со подзаконски акт правилник подетално ќе се пропише обуката и сертификацијата, трошоците за оспособување, надоместокот за членовите на комисиите и други прашања поврзани со процесот на обука и сертфикација.

**Со членот 20 е уредена заштитата на критичната инфраструктура. со ставот 1 е утврдено дека** Владата на Република Северна Македонија, по предлог на Министерството за одбрана, донесува критериуми за изработка на планови за безбедност на критична инфраструктура на секторските надлежни министерства, операторите на критична инфраструктура, како и други планови и програми поврзани со обука, контрола на квалитет, планови за постапување при нарушување

на функционирањето на критичната инфраструктура. Согласно ставот 2, секторското надлежно министерство е одговорно за обезбедување дека плановите за безбедност на сопствениците/операторите се во согласност со критериумите пропишани од Владата. Членот 3 уредува дека секој сопственик/оператор на национална и европска критична инфраструктура на територијата на Република Северна Македонија е должен да има план за безбедност.

**Со членот 21** се урдува координацијата за заштита на критичната инфраструктура. Во ставот 1 е утврдено дека координацијата за заштита и градење на отпорност на критичната инфраструктира се одвива помеѓу сите субјекти на системот на критичната инфраструктира, а се реализира преку координативниот центар при Министерството за одбрана. Во ставот 2 е утврдено дека координативниот центар при Министерството за одбрана е одговорен за информирање на засегнати држави членки на ЕУ дека потенцијална европска критична инфраструктура е идентификувана на територија на Република Северна Македонија. Согласно ставот 3, координативниот центар при Министерството за одбрана е одговорен за информирање на Европската комисија за определеноста на државата да се вклучи во билатерални или мултилатерални дискусии со земјите-членки на Унијата на чија територија се наоѓа потенцијалната европска критична инфраструктура, како согласно став 4 дека Координативниот центар при Министерството за одбрана е одговорен за доставување до Европската комисија на листата на определена европска критична инфраструктура по сектори и земјите-членки на ЕУ засегнати со конкретната критичната инфраструктира. Согласно ставот 5, Министерството за одбрана е одговорно за вклучување во билатерални или мултилатерални дискусии со други лица во врска со идентификацијата, определувањето и заштитата на европската критична инфраструктура, додека согласно ставот 6 Координативниот центар при Министерството за одбрана е одговорен за идентификација и определување на националната и европската критична инфраструктура. Во ставот 7 се дава одговорност на Координативниот центар на Министерството за одбрана, кој е одговорен за воспоставување соодветен механизам за координација и комуникација помеѓу сите релевантни органи и сите офицери за врска за безбедност на критична инфраструктура. Во ставот 8 се утврдуа обврската за задолжително известување на Координативниот центар при Министерството за одбрана во случај на нарушување на функционирањето на критична инфраструктура од страна на операторот на критична инфраструктура.

**Со членот 22** е уредена обврската за известување на сите секторски надлежни министерства до Координативниот центар на Министерството одбрана да ги пријавуваат промените поврзани со критичната инфраструктура. Согласно ставот 1, секторските надлежни министерства се должни еднаш годишно до Координативниот центар при Министерството за одбрана да ги доставуваат сите промени во врска со сите видови критична инфраструктура во секторот за кој се одговорни. Согласно ставот 2, Координативниот центар при Министерството за одбрана е одговорен за координација на проценките на заканите еднаш годишно за целата критична инфраструктура на територијата на Република Северна Македонија. Согалсно ставот 3, Координативниот центар при Министерството за одбрана еднаш годишно до Владата доставува извештај за состојбата со заштитата и отпорноста на целата критична инфраструктура, додека во ставот 4 е утврдено дека Координативниот центар при Министерството за одбрана е одговорен за доставување на општите податоци на сумарна основа за видовите ризици, закани и ранливости на Европската критичната инфраструктура до Европската комисија, на секои две години.

**Со членот 23** од Предлог-законот се уредува постапувањето со класифицирани информации поврзани со критичната инфраструктура. Согласно ставот 1, податоците поврзани со критична инфраструктура може да се класифицираат согласно прописите за класифицирани информации. Согласно ставот 2 класифицираните информации за европската критична инфраструктура се разменуваат со странски држави и тела на Европската унија во согласност со прописите за класифицирани информации и ратификуваните меѓународни договори

**Со членот 24** од Предлог-законот се уредува инспекцискиот надзор на овој закон. Согласно ставот 1, инспекцискиот надзор на спроведувањето на овој закон и другите прописи од областа на критичната инфраструктура се врши во субјектите надлежни за заштита и градење на отпорност на критичната инфраструктура. Согласно ставот 2, инспекцискиот надзор на спроведувањето на овој закон и другите прописи од областа на критичната инфраструктура во субјектите надлежни за заштита и градење на отпорност на истата го врши Министерството за одбрана преку инспекторите за одбрана во соработка со други инспекциски служби од секторските надлежни министерства и регулаторните тела согласно закон. Согласно ставот 3, за инспекцискиот надзор во областа на критичната инфраструктура, ќе се применуваат соодветните одредби од Законот за одбрана и Законот за инспекцискиот надзор.

**Со членот 25** се уредени пекршочните одредби со предвидување на глоба за неисполнување на обврските предвидени со законот за лицата кои имаат клучна улога во негово спроведување. Соглсно ставот 1, се изрекува глоба во износ од 2000 до 5000 евра во денарска противвредност за прекршок на правното лице - сопственикот/операторот на критична инфраструктура, доколку:

- не подготви и не усвои план за безбедност на критичната инфраструктура на сопственикот/операторот (член 17 став 2);

- не определи офицер за врска за безбедност за критична инфраструктура (член 17 став 3), во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Согласно ставот 2, глоба во износ од 1000 до 2000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок и на одговорното лице во правното лице - сопственик/оператор на критична инфраструктура за прекршоците од ставот (1) на овој член. Согласно ставот 3, глоба во износ од 500 до 1000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичкото лице за прекршоците од ставот (1) на овој член.

Со членот 26 исто така е предвидена прекршочна одредба и изрекување на глоба во износ од 1000 до 3000 евра во денарска противвредност за прекршок на офицерот за безбедност, доколку не известува за промените или не ги ажурира плановите поврзани со овој закон (член 18 став 2).

**Со членовите 27 - 33 се уредени преодните и завршните одредби на овој закон.**

**Согласно членот 27 став 1,** Владата по предлог на министерот за одбрана ќе ги определи секторите на критична инфраструктура и секторските надлежни министерства во рок од шест месеци од денот на утврдувањето на критериумите за идентификација на критична инфраструктура. Согласно ставот 2, координативниот центар при министертсвото за одбрана ќе се формира во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон. Согласно ставот 3, Националниот совет за унапредување на заштитата на критичната инфраструктура ќе се формира во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон

**Со членот 28**, се уредува временскиот период во рамките на кој надлежните субјекти за критична инфраструктура ќе назначат офицер за врска за безбеност на КИ, кој изнесува една година од денот на влегување во сила на овој закон

**Со членот 29 став 1 е утврден рокот за донесување на** Методологијата за проценка на ризици и опасности, кој изнесува пет месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон. Согласно ставот 2, критериумите за идентификување на критична инфраструктура ќе се утврдат во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон, а согласно ставот 3, останатите подзаконски акти предвидени со овој закон, ќе се донесат во рок од девет месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Со членот 30 е уреден временскиот период за** воспоставување на единствен регистар – евиденција кој изнесува една година од денот на влегувањето во сила на овој закон

**Со членот 31** став 1 и 2 се уредува обврската на секторски надлежни министерства и сопствениците/операторите на критичната инфраструктура за донесување на план за безбедност на критична инфраструктура, кој изнесува девет месеци и за секторските надлежни министерства и за сопствениците/операторите на критичната инфраструктура.

**Со членот 32** е утврден рокот за донесување на Стратегија за зајакнување на отпорноста на критичните ентитети, кој изнесува две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Со членот 33** е утврден „vacatio legis" за стапувањето во сила на законот, кој изнесува осум дена од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Новите решенија содржани во Предлог-законот, се меѓусебно поврзани и не ја попречуваат правната целина и применливоста.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Ќе се создаде правна целина во правниот систем на Република Северна Македонија од причина што се става во правна рамка, област која до сега не беше уредена.